РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-610/1
06-04-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2022 година

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД ........................................................................................................ 3**

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ ........................................................................................ 4**

- ***БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ ..........................*** **4**
- ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД.... 7***
- ***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ............................................................................................................ ..........................*** **9**
- ***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ....................................*** **18**

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ........................................................................................ 21**

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ .................................................. 25**

- **КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2019 ГОДИНА**
- **МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
  - ***СУДСТВО***
  - ***СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

**ПРЕПОРАКИ ........................................................................ 36**

**ЗАКЛУЧОЦИ ...................................................................... 37**

**ПРИЛОЗИ ........................................................................ 39**

# ВОВЕД

Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) за својата работа согласно со член 100 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија, кој јавно се објавува и се доставува до сите судови. Во Годишниот извештај се содржани податоци за бројот на избраните и разрешените претседатели на судови, судии и судии поротници, за бројот на поведени и завршени постапки за утврдување на одговорност кај судиите, за кадровската состојба во судството, за материјално – финансиската состојба во судството, за состојбата на судовите согласно со годишните извештаи за нивната работа, податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и институциите, за работата на судиите и судовите, оценки за работата на судиите во РСМ во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварување на независноста и самостојноста на судството, степенот на реализација на Годишната програма за работа на Советот по ставки, како и други податоци.

Во текот на 2021 година, Советот избираше и разрешуваше судии, судии поротници и претседатели на судови, утврдуваше престанок на судиска функција, утврдуваше нестручно и несовесно вршење на судиската функција, ги разгледуваше и оценуваше тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, одлучуваше за времено упатување на судиите во друг суд, вршеше работни посети на судовите, како и други работи утврдени со закон. Советот во текот на 2021 година одржа 33 седници.

Во 2022 година, Советот ќе се залага за доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива, ќе ги следи состојбите во судството и ќе поднесува предлози за подобрување, ќе ја следи работата на судиите и претседателите на судовите, континуирано ќе ја следи примената на законите и ќе поднесува иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива, ќе ја унапредува соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот, ќе се залага за транспарентност и отчетност во работата на Советот, ќе се залага за подобрување на капацитетите на судството и ќе даде поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен нивниот интегритетот при вршењето нивната функција.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

## *БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*

Советот, во текот на 2021 година изврши избор и разрешување на судии и судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор и на вкупно 6 (шест) судии во основните судови и тоа: во Основен граѓански суд Скопје – тројца судии и во Основен кривичен суд Скопје тројца судии.

| | Суд | Број на избрани судии |
|---|---|---|
| 1 | Основен граѓански суд Скопје | **3** |
| 3 | Основен кривичен суд Скопје | **3** |
| | Вкупно | **6** |

| **Полова и национална структура на избрани судии во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година** | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 6 | 100 |
| 2 | Албанци | 0 | 0 |
| 3 | Турци | 0 | 0 |
| 4 | Власи | 0 | 0 |
| 5 | Срби | 0 | 0 |
| 6 | Роми | 0 | 0 |
| 7 | Бошнаци | 0 | 0 |
| 8 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Машки | 0 | 0 |
| 2 | Женски | 6 | 100 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 6 | |







Од страна на Советот во текот на 2021 година е извршен избор на претседатели во 6 (шест) судови, и тоа: Врховен суд на РСМ, Управен суд, Основен суд Гевгелија, Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар и Основен суд Свети Николе.

**Полова и национална структура на избрани претседатели во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1. | Македонци | 2 | 33,33 |
| 2. | Албанци | 3 | 50 |
| 3. | Турци | 1 | 16,66 |
| 4. | Власи | 0 | 0 |
| 5. | Срби | 0 | 0 |
| 6. | Роми | 0 | 0 |
| 7. | Бошнаци | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Машки | 3 | 50 |
| 2 | Женски | 3 | 50 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 6 | |







Во текот на 2021 година, Советот за дел од испразнетите судиски места во основните судови според постоечката систематизација не изврши избор на судии во судовите, бидејќи сите кандидати кои ја завршија почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители се избрани за судии или јавни обвинители, туку ја искористи со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така, Советот донесе одлука за времено упатување на 10 судии и тоа најдолго за време од една година:

- Еден судија од ОС Велес во ОС Неготино;
- Еден судија од ОС Кочани во ОС Делчево;
- Еден судија од ОС Велес во ОС Кавадарци;
- Еден судија од ОС Тетово во Основен кривичен суд Скопје;
- Еден судија од ОС Струмица во ОС Берово;
- Еден судија од ОС Прилеп во ОС Крушево;
- Еден судија од Основен кривичен суд Скопје во ОС Куманово;
- Еден судија од Основен граѓански суд Скопје во ОС Берово;
- Еден судија од ОС Кочани во ОС Виница;
- Еден судија од ОС Битола во ОС Крушево;

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Законска надлежност на Советот е да врши избор и разрешување на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2021 година, Советот избра вкупно 112 судии поротници. При изборот на судиите поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Истовремено, Советот донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник на 157 судии поротници.

## ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД***

Во надлежност на Советот е да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд, пред Советот се водат согласно со одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата или претседател на суд се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот. На барање на судијата или претседателот на судот, Советот ќе одлучи постапката да биде јавна, како и на седницата да присутвува и претставник од Здружението на судии.

Во текот на 2021 година поднесени се 90 (деведесет) барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд против 142 (сто и четириест и два) судии.

Комисијата на известители, согласно член 63 став 4 од Законот за Судскиот совст на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019) отфрли 62 (шеесет и две) барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд против 89 (осумдесет и девет) судии.

Советот запре 6 (шест) постапки за утврдување на одговорност против судија или претседател на суд, поведени во 2020 година.

Советот на 1 (еден) судија од Основен суд Неготино за утврдена дисциплинска повреда му изрече писмена опомена.

2 (две) барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд се презаведени во уписникот за претставки против 2 (двајца) судии.

Постапката по 25 (дваесет и пет) барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд е во тек односно против 49 (четириесет и девет) судии.

Советот донесе одлуки за разрешување на 7 (седум) судии, (пет судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и двајца судии поради сторена потешка дисциплинска повреда), и тоа:

- 1 (еден) судија на Основен кривичен суд Скопје за постапка поведена во 2018 година,
- 1 (еден) судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за постапка поведена во 2019 година
- 2 (двајца) судии на Основен кривичен суд Скопје за постапки поведени во 2020 година
- 1 (еден) судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за постапка поведена во 2020 година
- 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за постапки поведени во 2021 година.

Против 6 (шест) одлуки за разрешување поднесени се жалби од страна на судиите, додека против 1 (една) одлука не е поднесена жалба, односно судијата се откажа од правото на жалба. Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија 3 (три) одлуки потврди и истите се правосилни додека 3 (три) одлуки укина и повторената постапка пред Советот е во тек.

Во текот на 2021 година, Советот постапуваше по 3 (три) барања за повторување на постапката по повод донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

По 2 (две) барање за повторување на постапката, Советот донесе одлуки со кои утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција. По повод поднесените жалби, жалбениот совет при Врховниот суд на Република Северна Македонија ги потврди одлуките на Советот.

По 1 (едно) барање за повторување на постапката, формирана е Комисија согласно член 73 став 5 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и постапката по истиот е во тек.

Во текот на 2021 година утврден е престанок на судиската функција по сите основи предвидени со закон и тоа:

- кај осум судии е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.
- кај четири судии е утврден престанок на судиската функција поради смрт.
- Кај осум судии е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање
- кај шест судии е утврден престанок на судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО***

Советот, согласно член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите Советот ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Северна Македонија за 2021 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2021 година ( прикажани во прилог 3).

На ниво на Република Северна Македонија судовите месец јануари 2021 година го започнале со нерешени 99954 предмети, примиле во работа нови 564899 предмети, имале вкупно во работа 664493 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 567155 а останале нерешени 97338 предмети.

Според наведените податоци на ниво РСМ судовите во 2021 година успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 2256 предмети.

Од статистички извештаи за работата на судовите може да се заклучи дека во 2021 година од 34 суда за ажурни се сметаат 15 суда, додека како неажурни се 19 суда и тоа четири апелациони судови, 15 основни судови и Врховен суд на Република Северна Македонија.

Од податоците во табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Советот го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Северна Македонија** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 13 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Вишиот управен суд** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 352 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Управниот суд** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 1199 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Апелационо подрачје Битола**

**Апелационен суд Битола** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 160 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основен суд Битола** во 2021 година не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 909 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Крушево** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 79 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основен суд Охрид** во 2021 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 299 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 1102 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 49 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 901 предмети, па се оценува како неажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2021 година, годината ја започнале со нерешени 16132 предмети, со новопримени 81163 предмети, во работа имале фонд на предмети од 97295 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2021 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 80126 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола не успеале да го совладаат приливот и со тоа заостатокот е зголемен за 1037 предмети во однос на нерешените предмети од претходната година.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 192 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 1102 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 156 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2021 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 462 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2021 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 505 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2021 година, не го совладале приливот и го зголемиле заостатокот на нерешени предмети за 1215 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како неажурно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2021 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 11654 предмети. Во текот на годината примиле 118273 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 129927 предмети, од кои судиите решиле 117058 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 12869 нерешени предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

**Апелационен суд Скопје** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 365 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 557 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 52 предмет, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 150 предмет, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 11 предмет, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 13 предмет, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 229 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 243 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот кривичен суд Скопје** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намали заостатокот за 6786 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот граѓански суд Скопје** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 19 предмет, со што се оценува како ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2021 година, годината ја започнале со нерешени 45146 предмети, со новопримени 233454 предмети, во работа имале фонд на предмети од 278600 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2021 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 240400 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје успеале да го совладаат приливот и со тоа е намален заостатокот за 6946 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 291 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 200 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 220 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 188 предмет, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Кочани** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намали заостатокот за 464 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2021 година, не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 337 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

Основниот суд Свети Николе во 2021 година, не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 563 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2021 година, успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 328 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2021 година, успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот за 146 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

Според изнесените податоци произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Штип не успеале да го решат приливот и со тоа се зголемил заостатокот за 570 предмети, со што подрачјето се оценува како неажурно.

Судовите на ова подрачје во 2021 година, годината ја започнале со нерешени 12475 предмети, со новопримени 79956 предмети, а во работа имале фонд од 92431 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2021 година, судовите успеале да решат вкупно 79386 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2021 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 13045 предмети.

## Состојба со стари предмети

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2021 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа преземани конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети од 7 и 10 години со одлука на Советот преку претседателите на судовите се задолжени судиите кои постапуваат по ваков вид на предмети да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Советот. Како резултат на вака преземените мерки беа решени голем број на стари предмети во сите судови, прикажани во следната табела:

| | **Јануари 2021 година** | **Декември 2021 година** | **Намален заостаток** |
|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 5276 | 2306 | 2970 |
| **Постари од 7 години** | 304 | 203 | 101 |
| **Постари од 10 години** | 157 | 111 | 29 |

***Табела: состојба со стари предмети во судството***

## Прилог

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 943 | 4816 | 5759 | 4803 | 956 | -13 |
| 2 | Виш управен суд | 1147 | 4334 | 5481 | 4686 | 795 | 352 |
| 3 | Управен суд на РМ | 4391 | 10872 | 15263 | 9673 | 5590 | -1199 |
| | **ВКУПНО** | **6481** | **2022** | **26503** | **19162** | **7341** | **-860** |
| | | | | | | | |
| 1 | АС Битола | 541 | 5897 | 6438 | 5737 | 701 | -160 |
| 2 | АС Гостивар | 471 | 4723 | 5194 | 4531 | 663 | -192 |
| 3 | АС Скопје | 6533 | 17021 | 23554 | 16656 | 6898 | -365 |
| 4 | АС Штип | 161 | 4390 | 4551 | 4099 | 452 | -291 |
| | **ВКУПНО** | **7706** | **32031** | **39737** | **31023** | **8714** | **-1008** |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 3702 | 27533 | 31235 | 26624 | 4611 | -909 |
| 2 | ОС Крушево | 241 | 2087 | 2328 | 2008 | 320 | -79 |
| 3 | ОС Охрид | 4076 | 16524 | 20600 | 16225 | 4375 | -299 |
| 4 | ОС Прилеп | 4876 | 14394 | 19270 | 15496 | 3774 | 1102 |
| 5 | ОС Ресен | 541 | 4454 | 4995 | 4503 | 492 | 49 |
| 6 | ОС Струга | 2696 | 16171 | 18867 | 15270 | 3597 | -901 |
| | **ВКУПНО** | **16132** | **81163** | **97295** | **80126** | **17169** | **-1037** |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 6381 | 31722 | 38103 | 30620 | 7483 | -1102 |
| 2 | ОС Дебар | 336 | 11210 | 11546 | 11054 | 492 | -156 |
| 3 | ОС Кичево | 2051 | 18497 | 20548 | 18035 | 2513 | -462 |
| 4 | ОС Тетово | 2886 | 56844 | 59730 | 57349 | 2381 | 505 |
| | **ВКУПНО** | **11654** | **118273** | **129927** | **117058** | **12869** | **-1215** |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 2180 | 20029 | 22209 | 19472 | 2737 | -557 |
| 2 | ОС Гевгелија | 520 | 9957 | 10477 | 10009 | 468 | 52 |
| 3 | ОС Кавадарци | 1039 | 12983 | 14022 | 13133 | 889 | 150 |
| 4 | ОС Кратово | 242 | 2559 | 2801 | 2570 | 231 | 11 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 1044 | 5910 | 6954 | 5923 | 1031 | 13 |
| 6 | ОС Куманово | 3835 | 34691 | 38526 | 34920 | 3606 | 229 |
| 7 | ОС Неготино | 1223 | 6077 | 7300 | 6320 | 980 | 243 |
| 8 | Основен кривичен суд Скопје | 19850 | 97961 | 117811 | 104747 | 13064 | 6786 |
| 9 | Основен граѓански суд Скопје | 15213 | 43287 | 58500 | 43306 | 15194 | 19 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **45146** | **233454** | **278600** | **240400** | **38200** | **6946** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| **1** | **ОС Берово** | 658 | 3811 | 4469 | 3611 | 858 | -200 |
| **2** | **ОС Виница** | 483 | 4343 | 4826 | 4123 | 703 | -220 |
| **3** | **ОС Делчево** | 992 | 4870 | 5862 | 4682 | 1180 | -188 |
| **4** | **ОС Кочани** | 2487 | 11935 | 14422 | 12399 | 2023 | 464 |
| **5** | **ОС Радовиш** | 602 | 8259 | 8861 | 7922 | 939 | -337 |
| **6** | **ОС Св. Николе** | 360 | 5359 | 5719 | 4796 | 923 | -563 |
| **7** | **ОС Струмица** | 3514 | 19609 | 23123 | 19937 | 3186 | 328 |
| **8** | **ОС Штип** | 3379 | 21770 | 25149 | 21916 | 3233 | 146 |
| | **ВКУПНО** | **12475** | **79956** | **92431** | **79386** | **13045** | **-570** |
| **Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија** | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **99954** | **564899** | **664493** | **567155** | **97338** | **2256** |

# Број на пополнети судиски места

Според евиденцијата на пополнетите судиски места во судовите во Република Северна Македонија се констатира следната состојба:

Доколку се споредуваат 2020 и 2021 година, може да се забележи дека на почетокот од 2021 година има три помалку судии во однос на почетокот на 2020 година. На крајот од 2021 година има 20 помалку судии во однос на крајот на 2020 година. Просечно во 2020 година може да се земе бројката од 504 судии, а во 2021 години 493 судии, или 11 судии помалку во 2021 година. Советот утврди дека како причини за намалување на бројот на судии се природниот одлив на судии поради исполнување на услови за старосна пензија и престанокот на судиската функција по други основи, како и немање услови за избор на нови судии поради немање на кандидати кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители. Овој проблем ќе се продлабочи во текот на 2022 година поради последните измени на Законот за работни односи кој предвидува дека условите за старосна пензија се стекнуваат со навршување на 64 години возраст, без можност за продолжување на мандатот на судиите.

| Полова и национална структура на судии во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 366 | 75,77 |
| 2 | Албанци | 86 | 17,80 |
| 3 | Турци | 6 | 1,24 |
| 4 | Власи | 10 | 2,07 |
| 5 | Срби | 3 | 0,62 |
| 6 | Роми | 1 | 0,20 |
| 7 | Бошнаци | 6 | 1,24 |
| 8 | Други | 5 | 1,03 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Мажи | 187 | 38,7 |
| 2 | Жени | 296 | 61,3 |
| | | | |
| **Вкупно** | | **483** | |

## Следење и оценување на работата на судиите

Следење  на работата на судиите и претседател на  суд се врши преку редовно и вонредно оценување. Судијата се оценува според вкупните резултати од постигнатата успешност во работењето преку утврдените квалитативни и квантитативни критериуми согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ  број 102 од 12 мај 2019 година).

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата и претседателот на суд е афирмација на судството како независна и самостојна власт,  јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание, како и зајакнување на независноста и непристрасноста  на судиите при вршењето на судската функција.

Редовното оценување на судијата или претседателот на суд  се врши еднаш на четири години. Вонредно оценување  на работењето на судијата  и претседателот на суд се врши во случај кога судија конкурира за избор на судија во повисок суд, или за претседател на суд или за член на Советот.

На ден  21.12.2020 година заради континуирано следење на работата на судиите, Советот  донесе Интерен план  за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите и  Акционен план за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година. Во декември 2021 година Советот донесе и Интерен план  за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите и Акционен план за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ***

Согласно член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102 од 22 мај 2019 година) Советот е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите.

Во текот на 2021 година, Советот постапуваше по вкупно 699 претставка, на седница се разгледани 661 претставки, од кои 650 претставки се неосновани или 98,4%, 5 претставки се основани или 0,7% и 6 претставки се повлечени од подносителот или 0,9%.




Од спроведените анализи на наводите како основ за поднесување на претставките, произлезе дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите очекуваат Советот да ја преиначи веќе донесената одлука на судот или да утврди друга фактичка состојба поинаква од онаа што ја утврдил судот.

Во дел од претставките се укажува на незадоволство од работењето на судот поради одолговлекување на постапката пред судот, случаи кога не се почитувани предвидените рокови за преземање на процесните дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Исто така, во дел од претставките подносителите сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети не го примениле правилно законот, односно сториле повреда на процесниот и материјалниот закон со што покажале нестручност и несовесност во вршењето на судиската функција.

Во случаите кога Советот ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката, но и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата се води евиденција и се следи работата на судијата, со што ваквото негово постапување може да биде основ Советот да иницира постапка за утврдување одговорност на судијата заради нестручно и несовесно вршењето на судиската функција.

Кога се констатира неоснованост на претставката се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон, по евентуален правен лек, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите.

Исто така од извршената анализа на поднесените претставки може да се констатира дека тие се однесуваат на работата на судиите како во основните така и на судиите на повисоките судови, апелационите, управните, па и на работата на судиите на Врховниот суд на РСМ.

**Број на претставки по судови**

| Р. бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 5 |
| 2 | ОС Битола | 18 |
| 3 | ОС Велес | 20 |
| 4 | ОС Виница | 3 |
| 5 | ОС Гевгелија | 13 |
| 6 | ОС Гостивар | 18 |
| 7 | ОС Дебар | 6 |
| 8 | ОС Делчево | 1 |
| 9 | ОС Кавадарци | 16 |
| 10 | ОС Кичево | 29 |
| 11 | ОС Кочани | 9 |
| 12 | ОС Кратово | 6 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 3 |
| 14 | ОС Крушево | 2 |
| 15 | ОС Куманово | 20 |
| 16 | ОС Неготино | 3 |
| 17 | ОС Охрид | 31 |
| 18 | ОС Прилеп | 17 |
| 19 | ОС Радовиш | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | ОС Ресен | 1 |
| 21 | ОС Св. Николе | 4 |
| 22 | Основен граѓански суд Скопје | 137 |
| 23 | Основен кривичен суд Скопје | 55 |
| 24 | ОС Струга | 5 |
| 25 | ОС Струмица | 9 |
| 26 | ОС Тетово | 24 |
| 27 | ОС Штип | 20 |
| 28 | АС Битола | 46 |
| 29 | АС Гостивар | 30 |
| 30 | АС Скопје | 120 |
| 31 | АС Штип | 49 |
| 32 | Врховен суд на РСМ | 40 |
| 33 | Управен суд | 55 |
| 34 | Виш управен суд | 25 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 845 |

*Напомена: бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на преставки по судови се разликува бидејќи една преставка може да се однесува на повеќе судови.*

Од анализата на претставките поднесени по судови презентирани во горенаведената табела произлегува дека најголем број на претставки, се однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапуваше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност.

## Листа на претставки по подносители

| | |
|---|---|
| **1. Физички лица** | |
| Вкупно: | 621 |
| **2. Правни лица** | |
| АД | 4 |

| | |
|---|---|
| ДОО | 2 |
| ДООЕЛ | 15 |
| ЈП | 0 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 21 |

| **3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани** | |
|---|---|
| Вкупно: | 2 |

| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РСМ | 34 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 12 |
| Јавно обвинителство | 0 |
| Министерство за правда | 55 |
| Народен правобранител | 1 |
| Собрание на РСМ | 0 |
| Вкупно: | 102 |

| **5. Анонимни** | |
|---|---|
| Вкупно: | 1 |

*Напомена: бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на подносителите на преставки се разликува бидејќи една преставка може да биде поднесена од повеќе физички лица.*

Советот јавно, објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и поплаките, како во однос на доставување на известување до подносителот така и во однос на решавање на проблемот со кои подносителите на претставките се соочуваат во текот на судските постапки, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

### 1. *<u>Независност на судството</u>*

Република Северна Македонија има усвоено правна рамка која генерално ги содржи меѓународните стандарди за независно и непристрасно судство и правилно функционирање на правосудниот систем. И покрај ваквата нормативна основа, се јави

потребата да се извршат дополнителни законски интервенции со чија примена ќе се обезбеди поголема независност, ефикасност и непристрасност во работата на Советот и судството. Реализирана е оваа цел со тоа што донесен е новиот Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.102/2019 како и Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.96/2019.

Со овие законски измени се овозможува самостојно и независно делување на Судскиот совет, особено при назначувањето и разрешувањето на судиите. Воедно се овозможува независно управување со судовите и со креирањето стратегии и документи важни за работата на судството.

## 2. Финансиска независност на судската власт

Советот се залага за зголемување на процентот на судскиот буџет во однос на Бруто домашниот производ од сегашните 0,3% на годишно ниво на законски определените 0,8 % од Буџетот за судска власт.

## 3. Континуирано следење на работата на судовите за зајакнување на човечките ресурси

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Заради обезбедување на фукционалност на Центарот за статистика и аналитика, Советот изработи План за вработување за 2021 година, во кој беше предвидено пополнување на работни места во Одделението за статистика и аналатика, Од страна на Министерството за финансии одобрен е Планот за вработување за 2021 година и во тек е реализација на истиот.

## 4. Проекција за слободни судиски места

Советот до 31 март 2021 година, со Одлука го утврди бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија, на 55 ( педесет и пет), за деветтата генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

## 5. ***Анализа на тромесечните и годишните извештаи за работа на Судовите***

Советот на седница расправа и ги оценува тромесечните и годишните извештаи за работа на судовите во Република Северна Македонија, кои од страна на судовите навремено во текот на годината се доставувани до Советот и се објавувани на ВЕБ старната на Советот.

Заради континуирано следење на состојбата со предметите во судовите формирани се комисии од членовите на Советот, како и акционен план за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година. Истовремено секој член на Советот е определен како координатор за следење на работата на соодветен суд,

## 6. ***Зајакнување на транспарентноста, во функција на подобрување на угледот на Судскиот совет***

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата, Советот продолжува со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги следат граѓаните, претставници на медиумите и други релевантни институции.

Советот обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Северна Македонија да бидат навремено и точно запознаени и информирани за сите активности што ги презема. Притоа, Советот во изминатиот период беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на претседателот на Советот, давање на изјави за електронските и печатените медиуми, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

## 7. ***Донесување на општи акти со кои Советот ги уредува работите од своја надлежност***

На 06.09.2021 година, Советот донесе Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите. Целта на оваа Методологија е да му овозможи на Судскиот совет на Република Северна Македонија преку утврдување на сложеноста и засметаното ефективно време на работа на судијата на секој поединечен судски предмет, да донесе одлука за утврдување ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во текот на една година. Методологијата опфаќа процесни индикатори коишто условуваат квалитативни и квантитативни разлики во опфатот на процесните дејствија што треба да бидат преземени во различните стадиуми од постапувањето, различното својство на судијата во текот на постапувањето и одлучувањето за претходни прашања односно за главната работа, различните облици на состав на судот при постапувањето и одлучувањето, одлучување при донесување процесни решенија и одлуки, решенија на коишто странките може да вложат правен лек, изработка на судски одлуки од различни видови, постапување по жалби, вонредни правни лекови и преземање на други дејствија односно донесување одлуки по основ на користење на правните основи за заштита на правата на странките во постапката.

На 23.09.2021 година, Советот донесе Правилник за начинот на формирање на комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите**.** Со овој Правилник се уредува начинот на формирањето на комисии за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите врз основа на исполнетост на квалитативни критериуми**.**

## 8. ***Меѓународна соработка***

Во доменот на меѓународната соработка, Советот во текот на 2021 година ги реализираше следните активности:

- Студиска посета на Анкара - Р.Турција, заради размена на искуства за дигитализација на судството, во организација на Мисијата на Република Северна Македонија при Европската унија, која се реализираше во периодот од 5 до 10 април 2021 година

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Согласно Законот за судски буџет („Службен весник на РМ“ бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија, издвоен како посебен дел означен со Судска власт. За вршење на работите во врска со судскиот буџет е задолжен Судскиот буџетски совет, кој е составен од претседател и 10 членови. Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на РСМ.

Судскиот буџетски совет работи на седници на кои се разгледуваат прашања поставени на дневен ред од претседателот на СБС, членовите на СБС или прашања иницирани од страна на единките корисници. Во текот на 2021 година СБС одржа 15 седници, на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување. Исто така во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

### *КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2021 ГОДИНА*

Човечките ресурси се најважните ресурси со кои располага секоја судска власт, а овој факт најдобро се прикажува со високото процентуално учество на расходите за човечки ресурси, кои што изнесуваат приближно 80 % во структурата на расходната страна на судскиот буџет.

Квалитетот, обемот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт, како и степенот на доверба во судската власт во општеството. Носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи е судијата, па затоа обезбедувањето на соодветни услови за непречно остварување на судиската функција е приоритет.

Бројот на вработени во судската власт на 31.12.2021 година изнесува 2.768 лица, а на ден 31.12.2020 година биле вработени вкупно 2.827 лица. Во наредната табела е дадено движењето на бројот на вработени во судската власт од 2018 до 2021 година и тоа по поодделни категории при што е евидентно намалување на бројот на активни судии секоја година.

| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови и претседател на Судски совет на РСМ (ССРСМ) | 13 | 11 | 13 | 13 |
| 2 | Судии | 511 | 499 | 493 | 473 |
| 3 | Директор и Заменик Директор на Академија | 1 | 1 | 1 | 2 |
| 4 | Административни службеници | 43 | 44 | 44 | 43 |
| 5 | Работници во ССРСМ, СФ и АСЈО | 9 | 9 | 11 | 13 |
| 6 | Судски службеници | 1.912 | 1.938 | 1.926 | 1.885 |
| 7 | Судска полиција | 194 | 190 | 187 | 189 |
| 8 | Работници во судовите | 137 | 142 | 152 | 150 |
| | **Вкупно** | **2.820** | **2.834** | **2.827** | **2.768** |

***Табела: Број на вработени во судска власт вкупно***

Бројот на вработени во Судскиот совет на РСМ и Академија за судии и јавни обвинители е 71 лица и тоа:

| Организација | Претседател | Членови | Директор | Раководни административ ни служ | Стручни администр службеници | Административн о -технички службеници | Работник | Вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судски совет на РСМ | 1 | 12 | | 13 | 8 | 4 | 8 | **46** |
| Академија | | | 2 | 2 | 12 | 4 | 5 | **25** |
| **ВКУПНО:** | **1** | **12** | **2** | **15** | **20** | **8** | **13** | **71** |

***Табела: Број на вработени во Судски совет на РСМ и Академија за судии***

Бројот на вработени во судовите на Република Северна Македонија изнесува 2.697 лица, а во табелата е даден бројот на вработени во секој суд по број на судии, број на раководни судски службеници, стручни судски службеници, административно технички службеници, припадници на судска полиција и работници.

| **Суд** | Судии предвидени по систематицација | Судии | Раководни судски службеници | Стручни судски службеници | Административн о -технички судски службеници | Судска полиција | Работник | Вкупен број на вработени | Соодност стручни/судии | Соодност админ/судии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Врховен суд на РМ | 28 | 19 | 8 | 27 | 22 | 5 | 9 | **90** | 1,42 | 1,16 |
| Виш управен суд | 13 | 14 | 2 | 3 | 9 | 1 | | **29** | 0,21 | 0,64 |
| Управен суд | 33 | 30 | 3 | 31 | 38 | 4 | 2 | **108** | 1,03 | 1,27 |
| АС Скопје | 52 | 39 | 4 | 41 | 52 | 7 | 16 | **159** | 1,05 | 1,33 |
| АС Битола | 25 | 17 | 2 | 14 | 21 | 7 | 3 | **64** | 0,82 | 1,24 |
| АС Штип | 16 | 11 | 2 | 14 | 19 | 6 | 2 | **54** | 1,27 | 1,73 |
| АС Гостивар | 16 | 11 | 2 | 18 | 11 | 1 | 3 | **46** | 1,64 | 1,00 |
| Основен кривичен | 70 | 51 | 4 | 63 | 203 | 16 | 16 | **353** | 1,24 | 3,98 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен граѓански | 77 | 64 | 5 | 74 | 166 | 9 | 13 | **331** | 1,16 | 2,59 |
| ОС Велес | 18 | 14 | 2 | 12 | 31 | 7 | 2 | **68** | 0,86 | 2,21 |
| ОС Куманово | 34 | 22 | 2 | 29 | 69 | 8 | 9 | **139** | 1,32 | 3,14 |
| ОС Битола | 25 | 17 | 2 | 22 | 64 | 6 | 5 | **116** | 1,29 | 3,76 |
| ОС Штип | 19 | 14 | 1 | 13 | 44 | 7 | 4 | **83** | 0,93 | 3,14 |
| ОС Струмица | 20 | 11 | 2 | 13 | 39 | 5 | 5 | **75** | 1,18 | 3,55 |
| ОС Кочани | 10 | 7 | 2 | 6 | 21 | 8 | 4 | **48** | 0,86 | 3,00 |
| ОС Прилеп | 18 | 11 | 2 | 14 | 46 | 6 | 6 | **85** | 1,27 | 4,18 |
| ОС Охрид | 18 | 15 | 2 | 13 | 44 | 5 | 4 | **83** | 0,87 | 2,93 |
| ОС Гостивар | 24 | 19 | 1 | 26 | 41 | 5 | 6 | **98** | 1,37 | 2,16 |
| ОС Тетово | 26 | 22 | 2 | 53 | 59 | 7 | 15 | **158** | 2,41 | 2,68 |
| ОС Кавадарци | 10 | 8 | 1 | 9 | 29 | 6 | | **53** | 1,13 | 3,63 |
| ОС Неготино | 5 | 5 | | 2 | 14 | 4 | 1 | **26** | 0,40 | 2,80 |
| ОС Гевгелија | 13 | 8 | 2 | 8 | 28 | 5 | 2 | **53** | 1,00 | 3,50 |
| ОС Кратово | 3 | 3 | | 2 | 12 | 4 | 1 | **22** | 0,67 | 4,00 |
| ОС Крива Паланка | 6 | 6 | 1 | 8 | 15 | 3 | 2 | **35** | 1,33 | 2,50 |
| ОС Крушево | 3 | 2 | 1 | 2 | 6 | 3 | 2 | **16** | 1,00 | 3,00 |
| ОС Ресен | 4 | 3 | | 5 | 12 | 4 | 1 | **25** | 1,67 | 4,00 |
| ОС Струга | 15 | 8 | 1 | 14 | 28 | 4 | 4 | **59** | 1,75 | 3,50 |
| ОС Свети Николе | 4 | 3 | | 4 | 9 | 4 | 2 | **22** | 1,33 | 3,00 |
| ОС Виница | 3 | 3 | | 3 | 11 | 5 | 1 | **23** | 1,00 | 3,67 |
| ОС Делчево | 4 | 1 | | 5 | 16 | 6 | 3 | **31** | 5,00 | 16,00 |
| ОС Берово | 3 | 2 | | 2 | 13 | 5 | 1 | **23** | 1,00 | 6,50 |
| ОС Радовиш | 6 | 3 | 1 | 6 | 13 | 7 | 2 | **32** | 2,00 | 4,33 |
| ОС Дебар | 5 | 3 | | 5 | 13 | 4 | 1 | **26** | 1,67 | 4,33 |
| ОС Кичево | 13 | 7 | 1 | 19 | 29 | 5 | 3 | **64** | 2,71 | 4,14 |
| **ВКУПНО:** | **639** | **473** | **58** | **580** | **1.247** | **189** | **150** | **2697** | **1,23** | **2,64** |

Вработувањето во судската власт е регулирано со Законот за судска служба, Законот за административни вработени, Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за буџет.

Со Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2021 година беа предвидени 87 вработувања на неопределено време и 123 унапредувања.

Во периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година во судската власт вкупно се реализираа 194 вработувања по разни основи и тоа: 30 извршители се вработија по објавен оглас на неопределено време (по добиена согласност од Министерството за финансии согласно Годишен план за вработување за 2020 и 2021 година), потоа 153 извршители се вработија по објавени огласи за вработување на определено време и 11 извршители се превземени од државни органи и институции надвор од судската власт.

И покрај тоа што во текот на 2021 година во судовите се реализираа нови вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година. Ова се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот, односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (судски администратори во неколку суда, раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).

- стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.);

- стручни кадри од областа на информатичката технологија, управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите ги наметнуваат како потреба;

-помошно технички кадар (хигиеничарки, возачи и сл).

## *МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

### ***СУДСТВО***

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства, навремена и редовна дистрибуција на истите до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.145 од 05.11.2010 година), кој предвидува средствата за ‘‘судска власт‘‘ во Буџетот на Република Северна Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8% од БДП на Република Северна Македонија, со сукцесивно зголемување почнувајќи од буџетската 2012 година, кога судскиот буџет требаше да изнесува 0,5% од БДП. Оваа законска одредба не се примени ниту во 2021 година.

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на РСМ и е наменет за нивно финансирање. Судскиот буџет се состои од две програми:

**Програма 20**- ***судска администрација*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд

на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

**Програма 30**- ***Академија за судии и јавни обвинители*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2021 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 2.105.398.000 денари. Од овие средства 2.010.098.000 денари беа одобрени како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на буџетската сметка, 94.400.000 денари беа како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на сметката на сопствени приходи и 900.000 денари се однесуваа на расходи од самофинансирачки активности. Средствата од сметката на сопствените приходи се остварени од наплата на судските паушали, закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите и др.

Во текот на годината беа извршени ребаланси на Буџетот на Република Северна Македонија, а беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

| Категорија | Конечен буџет 2021 20 | % | Конечен буџет 2021 30 | % | Конечен буџет 2021 ВКУПНО 29010 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 1.605.016.000 | 80,38% | 48.037.682 | 65,31% | 1.653.053.682 | 79,84% |
| 42 | 266.275.666 | 13,33% | 24.263.000 | 32,99% | 290.538.666 | 14,03% |
| 46 | 51.804.334 | 2,59% | 900.000 | 1,22% | 52.704.334 | 2,55% |
| 48 | 73.797.318 | 3,70% | 350.000 | 0,48% | 74.147.318 | 3,58% |
| Вкупно | 1.996.893.318 | 100,00% | 73.550.682 | 100,00% | 2.070.444.000 | 100,00% |

***Табела: Структура на конечен буџет судска власт за 2021 година по категории и програми***

Притоа забележливо е доминантното учество од 79,84% на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а ниското учество на останатите три категории. Категоријата 42 стоки и услуги, што во вкупниот буџет учествува со 14,03%, е недоволна за подмирување на сите потреби кои произлегуваат од редовната работа на судовите.




***График: Структура според категории на Буџет судска власт за 2021 година***

Споредено со структурата на буџетот на земјите од Европската унија мора да се констатира дека учеството на капиталните расходи, каде се вклучени и вложувањата во компјутерска и софтверска модернизација, во нашиот буџет е минимално и неопходно е значително зголемување на оваа категорија.

## ***СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

Судскиот совет на Република Северна Македонија , како самостоен орган своето финансиско работење го темели единствено од средствата на Буџетот на судската власт за 2021 година кои средства, како единка корисник, ги добива со распределба од Судскиот буџетски совет.

Судскиот совет , трошењето на одобрените средства, ги реализира преку својата буџетска сметка 290100053160310, програма 20-судска администрација и тоа преку Министерството за финансии-трезорската канцеларија - Скопје.

Во составот на Судскиот совет како издвоен дел функционира Судскиот буџетски совет задолжен за вршење на работите во врска со судскиот буџет. Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши Стручна служба која е формирана како внатрешна организациона единица во рамките на овој орган. Сите обврски, трошоци, плати и други расходи за функционирање на Судски буџетски совет, се на товар на буџетската сметка на Судскиот совет.

Во календарската 2021 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од **42.550.423,00** денари, кои во споредба со трошоците во 2020 година во износ од **40.497.866,00** денари денари претставува зголемување на Буџет во номинален износ од **2.052.557,00** денари.

Бројот на вработените во Судскиот совет во 2021 изнесува **46 вработени**, од кои **13** се именувани лица како членови на Советот согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, **25** како административни службеници од кои **1(еден)** е генерален секретар назначен согласно Законот за административни службеници, **4** вработени како помошни – технички лица и **4** лица се вработени на определено време до 31.12.2021 година. Со Стручната служба на Советот раководи генерален секретар согласно член 101 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од **42.550.423,00** денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од **99.5%** дефиниран за Судскиот совет со Годишниот финансиски план за 2021. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на кварталните планови во рамки на Годишниот финансиски план, за да се подмират обврските кон комитентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги. При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и дефинираните позиции во Годишниот план за јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2021 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот | **42.794.929,00 ден.** | **100,00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **42.550.423,00 ден.** | **99,50%** |
| 3. Остаток- непотрошени средства во износ | **244.506,00 ден.** | **0,50%** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати, придонеси од плати и надоместоци од плати**

| **Потрошени средства  за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати   и   персонален данок | **25.527.712,00 денари** |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | **9.912.704,00 денари** |
| 3. Останати надоместоци | **340.455,00 денари** |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **35.780.871,00 денари** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати во однос на другите трошоци претставени табеларно и на графикон:**

| | |
|---|---|
| **1.Плати и надоместоци од плата** | **35.780.871,00 денари** |
| **2.Вкупно други трошоци** | **6.769.552,00 денари** |
| **3.Реализиран Буџет за 2021 год.** | **42.550.423,00 денари** |




**Аналитички табеларен преглед на реализираните буџетски средства на синтетички конта од класа 4-Расходи за 2021 по категори е следен:**

| Категорија | Износ |
|---|---|
| **40- Плати и надоместоци од плата** | **35.780.871,00** |
| **42-Стоки и услуги** | **5.453.828**,00 |
| **46-Субвенции и трасфери** | **182.441,00** |
| **48-Капитални расходи** | **1.133.283,00** |
| **Вкупно** | **42.550.423,00** |

## **И нивен графички преглед 2021 година:**




Ако се направи подетална анализа во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, во најмал износ во делот на реализација се однесува на патните и дневните расходи поради и тоа 8% од планираните расходи (4.010,00 денари од вкупните 50.000,00 денари).

Во 2021 година се исплатени платите со сите задолжителни придонеси во износ од **35.780.871,00** денари кој преставува **84%** од вкупниот буџет на Советот. За комунални услуги, греење и комуникација е извшено плаќање во износ од **2.646.999,00 денари** и тоа за парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста. Од контото 465- Исплата по извршни исправи во 2021 година за правосилните судски пресуди со налози за извршување се платени во износ од **28.417,00 денари**.

Во прегледот подолу номинално се прикажани реалните трошоци во 2021 година по расходни ставки од **420 до 480**:

| Расходна ставка<br>1 | Планирани<br>2 | Реализирани<br>3 | Процент на реализација во %<br>4=3/2 | Разлика<br><br>5=2-3 |
|---|---|---|---|---|
| 420-Патни и дневни расходи | **50.000,00** | **4.010,00** | **8 %** | **45.990,00** |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација, и транспорт | **2.700.000,00** | **2.646.999,00** | **98 %** | **53.001,00** |
| 423- Материјал и ситен инвентар | **500.000,00** | **488.566,00** | **98 %** | **11.434,00** |
| 424 - Поправки и тековно одржување | **1.200.000,00** | **1.152.702,00** | **96 %** | **47.298,00** |
| 425 – Договорни услуги | **871.000,00** | **853.665,00** | **98 %** | **17.335,00** |
| 426-Други тековни расходи | **350.000,00** | **307.886,00** | **88 %** | **42.114,00** |
| 464- Разни трансфери | **154.027,00** | **154.024,00** | **100 %** | **3,00** |
| 465- Исплата по извршни исправи | **28.417,00** | **28.417,00** | **100 %** | **0** |
| 480 – Купување на опрема и машини | **71.521,00** | **62.376,00** | **87 %** | **9.145** |
| 481- градежни работи | **1.070.907,00** | **1.070.907,00** | **100 %** | **0** |
| **Вкупно** | **6.995.872,00** | **6.769.552,00** | **96.5 %** | **226.320,00** |

На крајот на годината по извршениот попис на постојани средства и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од **255.123,00 денари** , кон работниците во износ од **47.600,00 денари** и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од **3.220.980,00 денари**. Делот на обврските кон комитентите во најголем дел се однесува за направените услугите и набавените материјали за месец декември 2021 година како и обврските по однос на плата за тој месец.

Предлог буџетот за Судски совет претставуваат интегрален дел од системот на планирање и буџетирање и ја презентира потребата од унапредување на условите за работа на стручната служба заради постигнување на стратешките приоритети и цели: обезбедување и гарантирање на независноста, зголемување на ефикасноста и јакнење на довербата за непречено извршување на функциите на институцијата. Од тие причини на судскиот совет му е потребно обезбедување на перманентни и стабилни финансиски средства.

**Спореден преглед на одобрени, потрошени и непотрошени финансиски средства во Судски совет на Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година.**

| ОПИС | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Вкупно средства од Буџетот на РСМ | **52.422.693,00 ден.**<br>**100 %** | **40.701.394,00**<br>**100%** | **42.794.929,00 ден.**<br>**100,00 %** |
| Потрошени средства - остварени расходи | **52.122.633,00 ден.**<br>**99,00%** | **40.497.866,00**<br>**99,50%** | **42.550.423,00 ден.**<br>**99,50%** |
| Непотрошени средства | **320.000,00 ден.**<br>**1,00%** | **203.528,00%**<br>**0,50%** | **244.506,00 ден.**<br>**0,50%** |

## ПРЕПОРАКИ:

• Да се засили имплементацијата на Стратегијата за реформи во правосудството и ажурираниот акциски план и Стратегиите за човечки ресурси во судската мрежа.

• Реактивирање на Советот за реформи во правосудството и започнување на подготвителната работа за изработка на новата Стратегија за реформи во правосудството, по 2022 година.

• Да се имплементираат Методологијата за квалитативно оценување на судиите и Методологијата за утврдување сложеност на предмети.

• Зајакнување на транспарентноста на причините за разрешување на судиите.

• Реорганизација на мрежата на судовите, земајќи го предвид бројот на предмети, како би се поедноставило функционирањето на судската мрежа и најдобро би се искористиле постојните ресурси.

• Искористување на воспоставените механизми за независност на судството и утврдување одговорност.

• Соодветно управување со човечките ресурси.

• Да се осигура усогласеност на софтверот со новите мерки за сложеност на предметите за се овозможи нивна имплементација.

• Поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи кои се применуваат во судството.

• Имплементација на Стратегијата за следење на корупцијата во судството.

• Имплементација на подзаконски акти и формирање на Центар за информатичка технологија

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

Со оглед дека дигитализацијата на судството станува реалност во пракса, Судскиот совет ќе продолжи со примена на информатичките технологии со цел судскиот систем да го направи подостапен. Тоа ќе значи дека судството ќе го насочиме кон отворање за јавноста, затоа што само така ќе ја вратиме довербата на граѓаните.

Судскиот совет во текот на 2022 година ќе започне со практична имплементација на Методологијата за квалитативно оценување на судии и на Методологијата со индикатори за утвдување на сложеност на предмети. Со нивната примена ќе се воведе систем на реално, објективно и независно вреднување на трудот на судијата, а тоа ќе значи и нивно стручно унапредување врз основа на мерливи критериуми. Токму тоа ќе бидат нашите стремежи во следниот период, да направиме поодговорни судии, а Судскиот совет да има алатки како тоа да го следи и да го оценува.

Затоа во наредниот период Судскиот совет во континуитет ќе ја продолжи соработката со судовите и другите институции за да се изгради систем на доверба.

Се наметнува потребата од центар за статистика преку кој ќе обезбедуваме квалитетни податоци и бројки за да може да се гради политика за дејствување. Особено е неопходно да се изградат критериуми преку кои на поинаков, пообемен и потемелен начин ќе се мери ажурноста на судиите и на судовите. Тогаш и стратешките документи кои ќе ги носиме ќе бидат изградени врз основа на веродостојни податоци.

Понатаму, Судскиот совет ќе остане гарантор на независноста на судството во Република Северна Македонија, затоа ќе ги направиме построги и мерливи процедурите за избор и унапредување на судиите. Советот и понатаму ќе продолжи со заложбите за подобрување на финансиската состојба на сите вработени во судството.

Кон остварувањето на независноста на судството ќе ја имплементираме Стратегијата за следење на корупцијата во судството, со цел да ги таргетираме ризичните точки за да можеме да создадеме систем кој ќе ја спречува корупцијата.

Советот и во иднина ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

• Доследна примена на законите и овозможување услови за брза и ефикасна правда;

• Следење на состојбите во судството и следење на работата на судиите и претседателите на судови преку новите методологии;

• Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите, како и нивно потранспарентно преставување во јавноста;

• Унапредување на транспарентноста и отчетноста во работата на Советот преку постојано известување на јавноста за одлуките;

• Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет, но и залагање за зголемување на независноста на буџетот;

• Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт преку нови вработувања;

Судскиот совет ќе продолжи, преку своите законски овластувања, да биде институцијата која ќе настојува и во иднина да ги обезбедува независноста на судството, професионалното и стручно одлучување, квалитетното водење постапки, наврмена и ефикасна правда и кадровските потенцијали на судството.

**Прилог 1**


Претседател на Судски совет на РСМ
(Претседател на Судски буџетски совет)
Членови на Судски совет на РСМ
Генерален секретар
Државни советници
Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите
Сектор за Судски буџет
Одделение за информатички и административно-технички работи
Одделение за статистика и аналитика на судовите
Одделение за финансиски прашања на СБС
Одделение за правни и општи работи на СБС
Одделение за инвестиции на СБС
Одделение за информативно-комуникациски технологии на СБС
Одделение за човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија

**Прилог 2**

***Структура на вработени според категорија***

| Категорија | Број на врсботени | Поцентуална застапеност |
|---|---|---|
| Категорија А – секретар | **1** | **3,44** |
| Категорија Б – раководни административни службеници | **12** | **41,37** |
| Категорија В – стручно административни службеници | **8** | **27.58** |
| Категорија Г- помошно - стручни административни службеници | **4** | **13,79** |
| Помошно технички лица | **4** | **13,79** |
| Вкупно | **29** | **100,00** |

***Старосна структура***

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **0-24 години** | **0** | |
| **25-49 години** | **19** | **65,51** |
| **Постари од 50 години** | **10** | **34,48** |
| **вкупно** | **29** | **100,00** |

***Полова структура***

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 8 | **27,58** |
| **жени** | 21 | **72,41** |
| **вкупно** | **29** | **100,00** |

***Етничка структура***

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | 22 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | **29** |
| **Процентуална застапеност** | 75,76 | 10.34 | 0,0 | 0,0 | 6,89 | 0,0 | 3,44 | 3,44 | **100,00** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**